*Универзитет Гоце Делчев – Штип*

*Факултет за медицински науки, Стоматологија,*

*Крсте Мисирков бб,*

РОВ 201, 2000 Штип, Република Македонија

E-mail: cena.dimova@ugd.edu.mk;

# НОВИ ПРИСТАПИ ВО ДЕНТАЛНАТА МЕДИЦИНА И КЛИНИЧКАТА ПРАКСА КАЈ ОРАЛНО АНТИКОАГУЛИРАНИ ПАЦИЕНТИ

**Димова Цена**

Патогенезата на тромбозата е многукомпонентен комплекс од локални и системски реакции, во чија основа се наоѓа создавањето на тромб во крвните садови, најчесто како последица на взаемното дејствување на неколку системи: васкуларните,клеточните и хормонските фактори во крвта.

Грижата за хемостаата кај пациентите со орални антикоагуланси е заедничка, споделена одговорност. Оралните и максилофацјалните хирурзи заедно со коагулационистите ја споделуваат обврската кон здравјето на овие пациенти – специјалностите имаат подеднаква улога и одговорност.